**Министерот Маневски го посети Основниот суд во Битола**



Министерот за Правда г-дин Михајло Маневски на 04.02.2011 год. присуствуваше на работна посета во Основниот Суд во Битола по повод инвестиционите вложувања за внатрешна реконструкција за подобрување на условите за работа во Судот. Во текот на оваа посета тој одржа и состанок со судиите каде што го искажа задоволството од намалувањето на старите предмети и ги извести дека во текот на наредните три години ќе има вработување на стручни соработници со цел секој судија да има свој стручен соработник.

- "Ако на крајот на 2006 година во сите судови во Македонија имаше еден милион нерешени предмети, сега на крајот од 2010 година тој број е намален и изнесува околу 490.000 предмети. Основниот Суд- Битола во 2006 година имаше 61.160 нерешени предмети, а сега е сведен на само 21.000 предмети што претставува исклучителен ангажман на судиите"- посочи министерот Маневски на средбата со новинарите во Битола.



Исто така во текот на оваа посета Министерот одржа средби и разговори со дел од вработените во овој Суд каде што имаше можност да се запознае со начинот и условите за работа на одделни одделенија.

Со почит

Основен Суд- Битола